# ТЕРИТОРИЈАЛЕН РАЗВОЈ

# CHALLENGE MATRIX – ТЕРИТОРИЈАЛЕН РАЗВОЈ

## ПОТЕНЦИЈАЛНИ КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ:

| | |
|---|---|
| • **Постоење на нагласени диспаритети помеѓу и во рамки на планските региони како и помеѓу руралните и урбаните општини,**<br>• **Општините не придонесуваат доволно (лимитиран капацитет) за забрзан локален социо-економски развој.**<br>• **Нагласен тренд на миграции (внатрешни и надворешни)**<br>• **Расположливите финансиски средства се недоволни за непречено спроведување на надлежностите на општината.**<br>• **Локализирање на климатската акција и адаптација кон климатските промени**<br>• **Модернизација на пристапот за просторно и урбанистичко планирање и негово усогласување со климатските и зелените политики.**<br>• **Неопходни предуслови за забрзана дигитална трансформација на општинските услуги во е-услуги.**<br>• **Уништување на обработливото земјоделско земјиште и околината во руралните и приградските општини и зголемена урбанизација**<br>• ***Регионалниот аспект на политиката за развој на земјоделието и руралниот развој***<br>• ***Интегрален систем за мапирање, превенирање и ефикасно адресирање на ризици од природни и индустриски несреќи***<br>• ***Баланс на комерцијалниот интерес за искористување на природните ресурси со јавниот интерес за нивно одржливо искористување***<br>• ***Борба против корупцијата на локално – општинско ниво*** | • **Дехуманизација на урбаната (градската) средина**<br>• **Моноцентричен развој на Република Северна Македонија**<br>• **Јавни и приватни инвестиции во функција на обезбедување регионален развој**<br>• **Регионални диспаритети во обезбедувањето јавни услуги и квалитет на живот**<br>• **Работната сила во планските региони и инвестирање во човечки капитал**<br>• **Железничка нова инфраструктура**<br>• **Патна нова инфраструктура**<br>• **Интермодален транспорт**<br>• **Интелигентни транспортни системи**<br>• **Модална распределба на патувањата**<br>• **Железничка постоечка инфраструктура**<br>• **Патна постоечка инфраструктура**<br>• **Урбана транспортна инфраструктура**<br>• **Транспортни средства за патен транспорт**<br>• **Безбедност во сообраќајот**<br>• **Тренд на деградација на еколошкиот статус на водните тела**<br>• ***Инфраструктура за водоснабдување и за управување со отпад***<br>• ***Ремедијација на историски жешки еколошки точки – контаминирани подрачја***<br>• ***Ниска јавна свест за предизвиците поврзани со загадувањето на животната средина и влијанието врз здравјето на населението***<br>• ***Одржливи механизми на соработка на општините и планските региони со здруженијата на граѓани*** |

**ТЕРИТОРИЈАЛЕН РАЗВОЈ – ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ**

| ПРЕДИЗВИК | ПРИЧИНА | ПОСЛЕДИЦИ | ПРОМЕНИ ВО ОПШТЕСТВОТО СИСТЕМСКИ ПРИОД |
|---|---|---|---|
| **Постоење нагласени диспаритети помеѓу општините** | • **Едностепена локална самоуправа (80 општини и град Скопје) и симетричен трансфер на надлежности на сите единици на локалната самоуправа без оглед на нивните карактеристики.**<br>• **Општините во кои не се пренесени установи се лишени од можност за финансирање на одредени надлежности преку блок дотации.** | • **Помалите и претежно рурални општини не ги спроведуваат сите пренесени надлежности.**<br>• **Нивното население како целина или во одреден дел е лишено од одредени општински услуги или истите не ги добива со воедначен квалитет (културата, социјалната заштита и заштитата на децата, противпожарната заштита)** | • **Балансирање на развојот односно постигнување повисок степен на рамномерност во развојот на единиците на локалната самоуправа и на ниво на плански региони.**<br>• **Целосно спроведување на одредбите од Законот за меѓуопштинска соработка и Законот за рамномерен регионален развој.**<br>• **Ефикасен систем и инструменти за фискална еквализација и поттикнување и поттикнување на перформансите согласно спецификите на општините** |
| **Општините не придонесуваат (имаат лимитиран капацитет) доволно за забрзан локален социо-економски развој.**<br><br>**Децентрализацијата на надлежностите во областите на локален економски развој и социјална заштита**<br><br>**Функционална децентрализација и вертикална/хоризонтална координација на системот** | **Најсилните инструменти, институционални капацитети и изворите на финансирање се централизирани**<br><br>**Политичка одлука да се подготвуваат, финансираат и спроведуваат активни мерки и поврзани програми за поддршка на социо-** | **Низок фискален капацитет и недостаток на финансиски инструменти, позначајно да помогнат за зголемување на стапката на вработеност, зголемување на одржливоста и конкурентноста на локалната економија, да** | • **Создавање на овозможувачка околина за општините за забрзан и ефективен територијален развој со нагласена социо-економска компонента.**<br>• **Создавање на адекватна нормативна и институционална рамка и соодветна алокација на ресурси (човечки, финансиски и други).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | економскиот развој првенствено од страна на национални институции со минимално учество на општините | им помогнат на најранливите категории на граѓани во смисла на специфични и одржливи социјални услуги. Поголема невработеност на жените од рурални средини | • Носење политички одлуки за доследен трансфер на надлежности поврзани со локалниот социо-економски развој,<br>• Зајакнување на постојните и трансфер на нови надлежности во туризмот и угостителството, и во областа на земјоделието и руралниот развој.<br>• Продлабочување на соработката на општините со централната власт и другите засегнати страни за развој на општинските економски зони и привлекување на инвестиции. Воспоставување општински бизнис акцелератори<br>• Интегрирање на услугите поврзани со социјалното домување во областа на социјалната заштита како локална надлежност и обезбедување стабилно финансирање.<br>• Развој на социјални услуги за поддршка и заштита на деца, возрасни лица и лица со попреченост |
| Нагласен тренд на внатрешни и надворешни миграции во општините/регионите. | Мерките за поддршка на руралниот развој и зголемување на атрактивноста на руралните подрачја не даваат соодветни ефекти | • Руралните општини како и руралните подрачја на урбаните општини ги напуштаат претежно младите лица. | • Неопходни се навремени, интегрирани, целно подготвени и финансиски посилни активни мерки за социо-екомски развој на руралните општини и подрачја. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Дел од руралните подрачја имаат објективни развојни пречки и за нив се неопходни специфично скроени мерки.** | • **Последица е стареење на населението.**<br><br>• **Намалувањето на економската активност влијае врз пад на сопствените приходи во руралните општини и се одразува на квалитетот и опфатот на локалните услуги.**<br>• **Мал број на жени поседуваат имот во руралните средини** | • **Неопходни се мерки за демографски развој со кои ќе се поттикне задржување на населението, а особено на младите и доселување.**<br><br>• **Руралната капитална инфраструктура треба постепено да се обновува и развива со континуирана поддршка на државата.**<br><br>• **Системски пристап таргетиран кон старата популација која што ќе доминира во одделни региони**<br><br>• **Таргетиран пристап за зголемување на можностите во одделни региони**<br>• **Специфични мерки кои овозможуваат зголемување на % на имот поседуван од жени во рурални средини**<br>• **Инвестиции во поддршка на жени претприемачки (земјоделие, рурален туризам, изработки...)** |
| **Расположливите финансиски средства се недоволни за непречено спроведување на надлежностите на општината.**<br><br>**Пренесените надлежности на општините не се проследени со соодветни финансиски инструменти за нивно финансирање, а првенствено посилни финансиски трансфери на државата.** | **Низок степен на фискална децентрализација.**<br><br>**Повеќе години наназад општинските приходи/расходи се движат во распон од 5 - 6 % од БДП, а просекот во ЕУ27 е** | • **Отсуството на развојна компонента при испораката на локалните услуги.**<br><br>• **Недостасуваат финансиски средства за одржување и** | • **Обезбедување доволно финансиски средства за спроведување на сите децентрализирани надлежности преку продлабочување на фискалната децентрализација** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | **консолидиран на приближно 11.2 %.** | **обнова на постојните основни средства/инфраструктура.**<br><br>• **Преку меѓуопштинска соработка не е можно да се компензира недостатокот на локални установи во области како културата и социјалната заштита.**<br><br>**Значаен дел од населението во руралните подрачја сеуште користи комунални услуги од неформални системи.** | • **Продлабочување на фискалната децентрализација**<br>• **Воспоставување интегриран, транспарентен и предвидлив систем на дотации.**<br>• **Транзицијата кон регионални/локални политики на ЕУ27 подржани со одржливо финансирање**<br>• **Потреба од премин кон повеќегодишно буџетирање на национално/локално ниво.**<br>• **Зајакнување на сопствените приходи, зголемување на процентот на поделени даноци**<br>• **Поголема отчетност за трошењето на средствата**<br>• **Проширување на надлежностите на локално ниво** |
| **Локален одговор на климатските промени** | **Отсуствува интегриран и добро организиран пристап за локализирање на климатската акција иако на општините им се пренесени релевантни надлежности**<br><br>**Претстои носење на Закон за климатска акција и Стратегија за климатска акција каде се очекува** | **Климатските промени и деградацијата на животната средина и природата се егзистенцијална закана која се манифестира преку зачестени природни настани со потешки последици по мажите, жените и ранливите групи мажи и** | • **Локализирање на климатската акција преку планирање и спроведување локални мерки за ублажување и прилагодување кон климатските промени, со посебен фокус на потребите на жените и ранливите категории граѓани со поголема меѓуопштинска соработка и можност за координација на ниво на** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **допрецизирање на улогата на општините и планските региони** | **жени и инфраструктурата.** | **плански региони**<br><br>• **Дефинирање на улогата на општините и планските региони во создавањето на нов економски модел – Зелена економија и создавањето на пазари за чисти технологии и производи проследено со генерирање на нови и квалитетни  зелени работни места за мажите и жените**<br>• **Инвестициите во еколошката инфраструктура и други мерки за заштита на животната средина**<br>• **Развој на општински и регионални политики и мерки кои целат кон нето нула емисии на стакленички гасови до 2050 година**<br>• **Локално промовирање на економски раст одвоен од користењето на ресурсите - Кружна/Циркуларна економија**<br>• **Засилено финансирање и спроведување на мерки за енергетска ефикасност и справување со климатски промени.**<br>• **Мобилизирање инвестиции за обнова и развој на шумскиот фонд, почвите, заштита на мочуришта и трестиштата,**<br>• **Образование за клима и за заштита на животната** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | средина и природата<br>• Усогласување на целите на климатската акција и заштита на животната средина и природата со целите во други секторски политики |
| **Модернизација на пристапот за просторно и урбанистичко планирање и негово усогласување со климатските и зелените политики.** | **Недоволна примена на пропишани стандарди за подготовка на урбанистичките планови како и недоволно усогласување на овие стандарди со стандардите на ЕУ и најдобрите меѓународни практики.**<br><br>**Недостасува Просторен План на Републиката (во моментов недостасува и Закон за просторно планирање) и поврзани просторни политики и планови за развој на умни и зелени, одржливи и отпорни населени места.**<br><br>**Несоодветни дигитални модели и отсуство на стандарди** | **Тековните урбанистички решенија генерираат висок јаглероден отпечаток и општо негативно влијание врз квалитетот на животната средина во населените места.**<br><br>**За урбанистичкото планирање карактеристично е што често предизвикува конфликти во јавноста, спротивставени мислења, и поврзани тензии.** | **Нова генерација на просторни и урбанистички планови во кои се применети најсовремени стандарди:**<br>- **воведување зони со ниски нивоа на емисии во градовите,**<br>- **локални политики за паркирање во загадените зони, поинтензивно зазеленување на населените области и воспоставување зелени зони, коридори и бариери околу индустриските објекти и фреквентните патишта.**<br>- **Засилена заштита и развој на урбаното зеленило и рекреативните области.**<br>- **Ревидирање на сообраќајните решенија во населбите за создавање услови за непречено пешачење и возење велосипед (посебни брзи ленти и др.) и за користење други средства за транспорт коишто не предизвикуваат загадување на воздухот и сл. приспособени на потребите на жените,** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **мажите и на ранливите граѓани.**<br>- **Бесплатен и приспособен пристап до дигитални услуги (отворени податоци) за мажите, жените и за ранливите групи граѓани** |
| **Неопходни предуслови за забрзана дигитална трансформација на општинските услуги во е-услуги.** | **Развојот на информатичкото општество и дигитализацијата во Републиката сеуште се спроведува од горе надолу, со минимален степен на непосредно учество на општините и со многу ограничен број на мерки и активности во тековните стратешки документи кои се однесуваат на дигитализацијата на локалните услуги.** | **Бројот на општински е-услуги во споредба со тие на државата е многу помал.**<br><br>**Не само помалите туку и поголемите општини во Републиката не се приклучуваат на платформата за интероперабилност и не ги користат достапните ИКТ алатки на МИОА**<br><br>**Се пропушта можност за генерирање заштеди преку обезбедување економија на обем, избегнувајќи притоа фрагментирани инвестиции за дигитализација во секоја општина за себе.**<br><br>**Инвестициите не ги земаат во предвид потребите на жените и ранливите групи на** | **Развоен концепт на дуална: зелена и дигитална транзиција.**<br><br>**Дигитализирање на локалните услуги во согласност на можностите и потребите на маите, жените и ранливите групи на граѓани.**<br><br>**Дигитална трансформација на целокупната инфраструктура на услуги**<br><br>**„дигитални близнаци“ кои овозможуваат собирање на податоци и следење на промени, а истовремено овозможуваат симулации кои можат да предвидат како ќе функционира градот или населеното место при позначајна промена на клучни варијабли.**<br><br>**Проектирање на модел на е-општина и негова изведба,** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **граѓани при дизајн на дигиталните услугите и алатките** | |
| **Дехуманизација на урбаната (градската) средина како резултат на „агресивен“ урбанизам ориентиран кон профит, без да се има предвид социјалното и еколошко внимание.** | **Ниско ниво на култура за партиципативна демократија и директната демократија, како механизам за поголемо вклучување на заедницата во донесување на одлуките.<br>Не соодветната улога на месните заедници при донесување на урбанистичките планови и нефункционалноста на месните заедници, како единици на локална власт<br>Ниско ниво на учество на жените и на ранливите групи граѓани во процесите и во донесувањето одлуки на локално ниво.** | **Комерцијализација на урбаната средина, на сметка на јавниот интерес и јавната средина, паркови, паркинг простори, предучилишни и училишни средини, до инфраструктура за стари лица и лица со посебни потреби за сметка на по големи приходи на општините и интересните групи.<br><br>Создавање не здрава млада популација, склона кон затворени заедници до екстремни појави и други здравствени нарушувања.** | **Урбанистичкото планирање треба целосно да им се препушти на општините, со обврска на референдумско изјаснување кога сериозно се нарушува јавната површина.<br>Дефинирање минимални критериуми за јавни површини, зелени, за јавни установи, детски градинки, премина на лица со посебни потреби, стари лица, паркинг простор и слично<br>Зајакнување на улогата на месната заедница при донесување на урбанистички планови<br>Воведување задолжителен процент на учество на помалку застапениот пол и на ранливите групи граѓани при донесување одлуки за урбанистичко планирање.** |
| **Уништување на обработливото земјоделско земјиште и околината во руралните и приградските општини, како резултат на несоодветно урбанистичко и просторното планирање.** | **Со Законот за локална самоуправа, општините немаат надлежности во просторното планирање, освен да бидат консултирани (член 78. точка 2 од ЗЛС).<br><br>Консултациите или не се одржуваат или се со низок** | **П поттикнување на миграцијата и намалување на постојаниот извор на финансирање и развој.<br>Уништувањето на животната средина од друга страна ги намалува шансите за алтернативен развој како, рурален** | **Донесување законска регулатива со која земјоделското земјиште ќе се прогласи за национално богатство, со стратешки интерес, каде ќе важат строги правила за прилагодување во градежно земјиште.<br>Создавање законски можности за прилагодување на неплодно земјиште за градежно** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **квалитет поради слабиот стручен капацитет и немање традиција.<br>Од друга страна, имајќи во предвид дека главниот извор не финансирање на општините се од уредување на градежното земјиште, тие се склони да уредуваат земјиште кое евтино ќе кошта за уредување а на инвеститорот по голем профит, што доведува до уништување на плодното земјоделско земјиште и животната средина.** | **туризам, лов и риболов туризам, или планинарење и слични гранки на туризам. Со време општината станува непристојно место за живеење, која понатака доведува до промена на демографската карта, но и туристичката и еколошката карта на земјата.<br>Земјата ја продлабочува внатрешната нерамнотежа во развојот, преку губење на потенцијалот за развој** | **земјиште.<br><br>околности за мотивирање за користење на неплодно земјиште** |
| **Моноцентричен развој на Република Северна Македонија** | • **Слаба транспортна инфраструктура и поврзување на регионите**<br>• **Значајни демографски разлики по регионите**<br>• **Слаба имплементација на законската регулатива за регионален развој – неефикасна институционална инфраструктура за рамномерен регионален развој**<br>• **Недостаток од регионални политики за развој**<br>• **Недостаток од ефикасен систем за собирање/обработка на** | • **Значајните диспаритети во инфраструктурата, човечкиот капитал и потенцијалот на регионите во споредба до скопскиот – главниот град.**<br>• **Заостанувањето во развојот на сите останати плански региони во споредба со Скопскиот.**<br>• **Зголемените потреби за социјални, комунални, здравствени,** | • **Развивање на посебниот идентитет на планските региони, како и нивна афирмација и развој**<br>• **Поддршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа во функција на поттикнување**<br>• **Зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **податоци од регионален/општински интерес.** | **образовни, административни и други услуги на населението и економските оператори во градот Скопје, и Скопскиот плански регион,**<br>• **Постојаното влошување на животната средина поради аерозагадувањето и загадувањето на главниот град**<br>• **Големи социјални и економски разлики помеѓу регионите – посебно помеѓу Скопскиот и останатите плански региони**<br>• **Значајна миграција во главниот град и иселување - исчезнување на мали и рурални населени места**<br>• **Намалување на човечкиот капитал во останатите региони, споредено со Скопскиот.** | • **Креирање на силна нормативната рамка за рамномерен регионален развој и функционална институционална инфраструктура за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој**<br>• **Мерки за намалување на емиграцијата кон странство и кон Скопскиот плански регион како регион под најсилен демографски притисокФормирање некој вид Национален демографски институт задолжен за продлабочени научни истражувања на промените во бројот и структурата на населението, миграциите и популационите политики, кој би бил обврзан со потсистемот за рамномерен регионален развој.**<br>• **Креирање специфични афирмативни мерки за активација на жените во руралните средини** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | • **Драстично е помал бројот на жени активни на пазарот на труд во рурални наспроти во урбани средини** | |
| **Јавни и приватни инвестиции во функција на обезбедување  регионален развој** | • **Ограничени буџетски средства во централниот буџет и буџетите на општините**<br>• **Слаби капацитети за мобилизација на јавни приходи**<br>• **Слаби капацитети за планирање и имплементација на капитални/инфраструктурни проекти**<br>• **Нерамномерна распределба на јавните средства по регионите – непочитување на индексите за регионален развој**<br>• **Недостаток од детални општински и регионални статистики**<br>• **Административно-бирократски процедури, институционална инфраструктура/капацитет и високо ниво на** | • **Ниско ниво на јавни инвестиции во помалку развиените региони**<br>• **Концентрација на клучните јавни инвестиции во скопскиот регион**<br>• **Неразвиена инфраструктура и диспаритети помеѓу регионите**<br>• **Диспаритети во ефикасноста на јавниот сектор, јавните услуги и квалитетот на живот помеѓу регионите**<br>• **Миграција и намалување на човечкиот капитал во регионите**<br>• **Пониски плати и животен стандард (регионални диспаритети)на** | • **Доследна примена на стратегијата и законската регулатива за регионален развој**<br>• **Ефикасен систем  за утврдување на регионалните потреби од инвестиции – унапреден систем на капитални трансфери и инвестиции во регионите**<br>• **Правичен систем на фискално воедначување кој стимулира регионален развој**<br>• **Внесување регионален аспект во планирање и имплементирање на централниот и локалните буџети**<br>• **Ефикасен образовен систем кој ги зема предвид регионалните потреби за квалификации и работна сила.**<br>• **Регионален пристап во креирањето на политики за поттикнување и привлекување на приватни** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | корупција.<br>• Недостаток на адекватна работна сила и образовни квалификации по региони<br>• Недостаток од ефикасен систем за утврдување на потребата од јавни инвестиции по регионите – неефикасен систем на капитални трансфери<br>• Недостаток од регионални политики за привлекување и поттикнување на приватни инвестиции | населението<br><br>Помал број на приватни инвестиции и регионален економски развој | инвестиции – (еволуција и унапредувањето на системот на ТИРЗ по региони; даночни ослободувања и слични стимулации; Олеснувања на процедурите за водење бизнис итн.)<br>• Регионален пристап при конципирање на политиките за поддршка на претприемништвото и развој на индустријата<br>• Ставање акцент на креативни и културни индустрии |
| **Регионални диспаритети во обезбедувањето јавни услуги и квалитет на живот** | • Недовршен процес на децентрализација и регионален развој<br>• Непостоење минимум стандарди за обезбедување на минимум услуги за мажите, жените и ранливите групи на граѓани на регионално/општинско ниво<br>• Недостаток од ефикасен систем на утврдување на потребите и квалитетот на јавните услуги по региони<br>• Немање реална процена на цената/трошоците на | • Значајни разлики во нивото на обезбедени јавни услуги по региони<br>• Зголемена миграција помеѓу регионите и надвор од државата<br>• Намалување на човечкиот капитал во регионите<br>• Намалени потенцијали за развој на определени региони<br>• Ниско ниво на приватни инвестиции и отворање на бизниси<br>Значајни диспаритети во | • Утврдување на ефикасен систем на следење на потребите на мажите, жените и ранливите групи на граѓани и намалување на диспаритетите во обезбедувањето на јавни услуги на регионално ниво<br><br>• Креирање на функционална институционална инфраструктура на регионално/општинско ниво за обезбедување јавни услуги<br><br>• Обезбедување на одржливо финансирање на регионите во обезбедувањето на јавни услуги |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | чинење на јавните услуги<br>• Неразвиена институционална инфраструктура за балансирано обезбедување на услуги на регионално ниво<br>• Недоволно финансии, променлива одржливост и нивна диверзификација<br>• Демографски диспаритети и недостаток од квалитетна работна сила | квалитетот на живот – диспаритети во здравството, животната средина, културата, спортот и рекреацијата помеѓу планските региони | • Нов и одржлив систем за поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби<br>• Диверзификација (онаму каде е можно) на провајдерите на јавни услуги<br>• Дигитализација и користење иновативни пристапи во обезбедувањето јавни услуги на регионално ниво<br>• Обезбедување на минимум стандарди и квалитет здравствени услуги во сите плански региони земајќи ги предвид потребите на жените, мажите и на ранливите групи граѓани<br>• Систем за следење, одржување и модернизација на комунална инфраструктура |
| **Работната сила во планските региони/општините и инвестирање во човечки капитал** | • Демографски регионални и родови диспаритети<br>• Неусогласеност на образованиот систем/профили согласно спецификите/пазарот на труд на планските региони | • Значајни регионални и родови диспаритети во: вработеноста, економскиот раст, стандардот на живот<br>• Ограничени можности за основање и ефикасно | • Образование согласно спецификите/пазарот на труд на планските региони<br>• Зајакнување на човечките капацитети во регионите/општините за обезбедување на квалитет во образованието<br>• Активни програми за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | • Неповолна образовна структура на работната сила на ниво на плански региони<br>• Регионални диспаритети од квалификуван кадар согласно потребите на бизнисот и јавниот сектор<br>• Значајни регионални разлики платите/надоместоците за работната сила<br>• Регионални диспаритети во капацитетите за стекнување на компетенции и доживотно учење<br>Значајни регионални диспаритети во можностите за вработување | функционирање на бизниси во определени региони<br>• Низок квалитет на јавни услуги за мажите, жените и за ранливите групи граѓани<br>• Значајни миграции кон главниот град и надвор од земјата | преквалификација и вработување согласно регионалните и родовите специфики<br>• Регионален пристап во активните политики на пазарот на труд насочени кон целни групи кои имаат отежнат пристап до пазарот на труд вклучително жените и ранливите групи граѓани<br>• Активни платформи за следење на регионалните пазари на труд, можности за вработување<br>• Јакнење на социјално претприемништво, со фокус на младите и жените – систем за создавање центри за поддршка на социјални претпријатија на ниво на плански региони<br>• Градење на силни институционалните капацитетите на планските региони со цел олеснување на пристапот до пазарот на трудот на ранливите категории на граѓани.<br>Стимулации и поддршка за основање бизниси и вработување согласно спецификите/развиеноста на регионите и потребите на мажите, жените и на ранливите групи граѓани |
| **Железничка нова инфраструктура** | **Неизградени делници од Коридор 8, Големи инвестициски трошоци,** | **Повисоки транспортни трошоци,<br>Помала економска** | • **Подобрување на вештините и човечките ресурси за управување со големи** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Проблеми со експропријација, Несоодветна тендерска постапка, Недоволни човечки ресурси, Недоволна координација со соседните држави (брза пруга, Коридор 8, пруга Струмица-Петрич), Неефикасни институции и бавен јавен сектор** | **соработка со соседните држави, Помала мобилност на луѓето, Помал социо-економски развој на регионите каде поминува пругата** | **проекти,**<br>• **Поголема координација со соседните држави,**<br>• **Повисок публицитет и претставување на проектите, Подготовка на проектна документација за нови пруги,**<br>• **Поефикасна институционална инфраструктура за планирање и имплементација на инфраструктурни проекти** |
| **Патна нова инфраструктура** | **Незадоволителни перформанси на постојните патишта до соседните држави, Големи инвестициски трошоци, Несоодветна и некомплетна проектна документација, Несоодветна тендерска постапка, Недоволни човечки ресурси** | **Повисоки транспортни трошоци, Помала мобилност на луѓето, Помал социо-економски развој на регионите каде поминуваат патиштата, Поголем број на сообраќајни несреќи Пониска економска конкурентност на бизнисите и државата** | • **Подобрување на вештините и човечките ресурси за подготовка и управување со големи проекти, Воспоставување на јавно приватно партнерство за инвестирање и управување со патната инфраструктура** |
| **Интермодален транспорт** | **Неизграден интермодален терминал за товарен транспорт, Недостаток од проектна документација и студија за изводливост, Недоволна информираност на приватни фирми потенцијални концесионери** | **Неповолна модална распределба во товарниот транспорт, Зголемени директни и екстерни транспортни трошоци, Недоволна искористеност на железницата, Зголемени трошоци за одржување на патиштата,** | **Создавање на услови за изградба и функционирање на интермодален терминал за товарен транспорт, Подобро функционирање на железничкиот транспорт и нудење поповолни бизнис услови за концесионирање** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Помала вработеност | |
| **Интелигентни транспортни системи** | **Неинсталирана опрема во транспортните системи за воведување на интелигентни транспортни системи, Недоволни информации до корисниците на транспортни услуги** | **Немање на соодветни информации и апликации за управување со сообраќајот Неатрактивност на транспортните системи за јавен превоз на патници, Поскапи методи за прибирање податоци, Помала безбедност во сообраќајот, Подолго време на патување од врата до врата, Повисоки транспортни трошоци изразени преку генералната цена на транспортот** | **Воведување на високи информатички технологии за добивање на информации, Управување и користење на транспортните системи и поедноставно воведување на мултимодалноста** |
| **Модална распределба на патувањата** | **Доминантен патен транспорт, Недоволна искористеност на железницата, Немање на интермодални и мултимодални терминали, Несоодветна тарификација на транспортот според вид на стока и според висина на екстерни транспортни трошоци** | **Зголемени негативни влијанија по животната средина и здравјето на луѓето, Зголемени транспортни трошоци за масовен превоз на роба на долги растојанија** | **Промоција на железнички превоз на патници со специјални тарифи и попусти, Посебни тарифи според вид на товар во камионскиот транспорт, Зголемување на понудата на возови за превоз на патници** |
| **Железничка постоечка инфраструктура** | **Застарени колосеци, градежни објекти, згради и опрема на станици, Неповолна положба на станици, Голем број на патни премини во ниво,** | **Намален интерес за железнички превоз, Намален број на патници во железничкиот сообраќај, Зголемен ризик од** | **Целосна обнова на застарени елементи од инфраструктурата и стратегиско планирање на одржувањето, Имплементација на нови системи за контрола и безбедност на сообраќајот Донесување повеќегодишен** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Недоволно тековно одржување, Застарен систем за контрола на сообраќајот, Недостаток на одржлив систем на финансирање – недоволен буџет/финансии | сообраќајни несреќи, Зголемени трошоци за работи на одржување Неодржлив (економски) железнички транспортен систем | план за одржување и подобрување на железничката инфраструктура |
| Патна постоечка инфраструктура | Нереконструирани црни точки, Влијанија од климатските промени, Незадоволително ниво на услуга на дел од државните патишта, Технички несоодветни и неасфалтирани државни патни правци, Несоодветни стандарди за проектирање, одржување и градба на локални патишта во согласност со потребите на жените, мажите и на ранливите групи граѓани, Недостаток на одржлив систем на финансирање – недоволен буџет/финансии Недостаток од ефикасен систем на планирање и мониторинг на патната инфраструктура | Намалена безбедност на сообраќајот за мажите, жените и за ранливите групи граѓани, Чести одрони и свлечишта, Зголемено време на патување и зголемени транспортни трошоци, Мал интензитет на сообраќај, Брзо оштетување и амортизирање на локалните патишта, Ризици и сообраќајни незгоди | Корекција на црните точки, Прилагодување на проектите и градбите на климатските промени како и на потребите на жените, мажите и на ранливите групи граѓани, Подобрување на технички елементи на државните патишта и нивно асфалтирање, Подготовка на мониторинг систем и стандарди за проектирање, градење и одржување на локални патишта |
| Урбана транспортна инфраструктура | Недостаток на инфраструктура за немоторизирани патувања, Неадаптирана урбана инфраструктура на потребите на жените, мажите и на ранливите групи граѓани | Зголемен ризик по безедноста на сообраќајот за немоторизираните патувања, Зголемено време на патување и транспортни трошоци, | Фаворизирање на немоторизираните патувања со изградба и уредување на соодветна инфраструктура, Инвестирање во системи за масовен јавен превоз на патници кои се еколошки подобни, Одржлива мобилност - нови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Недостаток на резервирана – одделена инфраструктура за масовен јавен превоз на патници во Скопје, Недостаток од паркинг простор во централните урбани зони, Несоодветно планирање на одржлива урбаната мобилност, Немање на опрема за воведување на интелигентни транспортни системи (ИТС), Ниска дигитализација во управување со транспортната инфраструктура** | **Несоодветно користење на јавните паркинзи, Зголемени негативни влијанија врз животната средина** | **приоди и парадигми во планирањето на урбаната мобилност според потребите на жените, мажите и на ранливите групи граѓани Дигитализација и воведување на ИТС** |
| **Безбедност во сообраќајот** | **Недоволен број на полициски контроли во патниот транспорт, Нецелосна опрема за контрола на брзините во патниот транспорт (на пр. фиксни радари), Недоволна реклама и едукација за проблемот со сообраќајни незгоди, Неадекватни казни и ефикасност на судски постапки** | **Висока стапка на загинати во сообраќајни несреќи во однос на бројот на жители, Високи трошоци по општеството заради губење на човечки животи или лекување и инвалидитет, Раст на стапките на осигурување од сообраќајна несреќа при регистрација на возила** | **Зголемена полициска контрола, Подобрување на системот за информации и интервенции при сообраќајни несреќи, Подобрување на опремата за контрола на брзините во патниот сообраќај, Подобрување на регулативата и ефикасноста на судството, Подобрување на рекламата и едукацијата за безбедноста на сообраќајот Подготовка на методологија за економска процена на висината на трошоците од сообраќајни несреќи Подобрување на системот за прибирање на податоци за сообраќајни несреќи, Формирање на посебна институција за безбедноста во** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **патниот сообраќај** |
| **Тренд на деградација на еколошкиот статус на водните тела** | **Недостатоци во системот за управување во водите и земјиштето**<br>- **Недоволни управувачки капацитети на ниво на држава, речни сливови и општини во клучните компоненти на системот за управување (Планирање, Имплементација на мерки, Издавање на дозволи и инспекциски надзор, Мониторинг на водите и управување со податоци, Комуникација и учество на јавноста)**<br>- **Планирање на користењето на земјиштето (просторно / урбанистичко) кое фаворизира деградација на природните екосистеми за сметка на други (краткорочни) интереси**<br><br>**Недоволна усогласеност на целите за заштита на водите со другите секторски политики, стратегии и** | **Загадување од дифузни извори**<br><br>**Загадување од точкасти извори**<br><br>**Хидроморфолошки промени на водните тела**<br><br>**Зголемување на ризиците поврзани со штетното дејство на водите**<br>- **Поплави**<br>- **Суши**<br><br>**Крајни ефекти:**<br>- **Нарушување на функциите и „услугите“ на водните екосистеми**<br>- **Нерамномерна распределба на „добивките“ и „трошоците“ од моменталната состојба на управувањето со водите преку фаворизирање на приватниот наспроти јавниот интерес и** | **Воведување на систем заснован на принципите на интегрално управување со водите, водна сигурност, екосистемски пристап (решенија засновани на природата)**<br><br>**Зајакнување на институционалните капацитети во согласност со реалните управувачки потреби низ сите компоненти/функции на системот[1](засновано на функционална анализа и развој на сценарија)**<br>**Зајакнување на податочната, аналитичката и планската основа во согласност со модерните пристапи и политички инструменти за управување со водите)**<br><br>**Усогласување на секторските политики, стратегии, планови и пристапи согласно целите за управување со водите**<br>**Таргетирано спроведување на приоритетни мерки/инвестиции за намалување на влијанијата заради максимизирање на ризикот од непостигнување „добар еколошки статус“**<br>**Win-Win решенија кои помагаат во симултано исполнување на повеќе цели** |

[1] Планирање, Имплементација на мерки, Издавање дозволи и инспекциски надзор, Мониторинг на водите и управување со податоци, Комуникација и учество на јавноста

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **планови (на пр., земјоделство, шумарство, различни економски дејности)** | **максимизирање на добивките во сегашноста на сметка на иднината** | **истовремено (на пр., намалување на хидроморфолошки промени, загадување и одбрана од поплави)**<br>• **Јакнење на образовниот систем**<br>• **Таргетирано јакнење на јавната свест по однос на клучните предизвици кај жените, мажите и ранливите групи граѓани**<br>• **Борба со корупција низ клучните фази на системот за управување со водите и земјиштето** |